**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК

**за изразување на интерес за стручно усовршување - 10 специјализации на доктори по општа медицина во редовен работен однос во ЈЗУ во Клиничкиот центар Белград, Република Србија**

Министерството за здравство ги повикува сите заинтересирани доктори по општа медицина, кои се во редовен работен однос во јавните здравствени установи, да се пријават на јавниот повик за изразување интерес за стручно усовршување **во Клиничкиот центар Белград, Република Србија,** кои сакаат да ги усовршат знаењата и вештините во која било област во медицината**,** со посебен фокус на следните области:

**гинекологија,**

**анестезија,**

**офталмологија и**

**васкуларна хирургија**

За пријавување на јавниот повик потребно е да се достави следната документација:

- Пријава/мотивациско писмо со назначен интерес за областа за стручно усовршување
- Curriculum Vitae на заинтересираното лице
- Уверение за државјанство на Република Македонија
- Уверение за завршен медицински факултет
- Лиценца за работа

По завршување на рокот за пријавување, стручна комисија ќе изврши селекција на пристигнатите апликации, врз основа на што ќе бидат избрани кандидатите кои ќе се упатат на специјализација во Клинички центар Белград–Србија

Пријавата заедно со останатата документација потребно е да се доставaт **најдоцна до 16 април** 2015 година, во архивата на Министерството за здравство, ул. „50-та Дивизија број 14, 1000 Скопје, со назнака **ЈАВЕН ПОВИК за изразување интерес за специјализација во Клинички центар Белград**.

Министерство за здравство